***ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧЕН***
***ПЛАНСКИ РЕГИОН - КУМАНОВО***
***„Илинденска“б.б.1300 Куманово, п.фах-182, Тел/Факс: 031/424-878,***
***www.northeastregion.gov.mk*** ***e-mail: info@northeastregion.gov.mk***

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2009-2014

## **за 2011 година**

Февруари 2012 година

***Подготвил:*** Центар за развој на Североисточен плански регион
***Предлага:*** Раководител на Центар за развој
на Североисточен плански регион
***Разгледува:*** Совет за развој на Центар за развој
на Североисточен плански регион
***Усвојува:*** Совет за развој на Центар за развој
на Североисточен плански регион

Врз основа на член 26,точка 1,2 и 3 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија (Сл. Весник на РМ 63/07), а во согласност со член 4, став 1 точка 8 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Североисточниот плански регион, Центарот за развој на Североисточниот плански регион подготви:

## ***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕРГИОН 2009-2014 ЗА 2012 година***

Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион 2009-2014 година го опфаќа периодот јануари-декември 2011 година.

Во координација со 6-те единици за локална самоуправа во Североисточниот плански регион Центарот за развој на СИПР, реализираше активности во 2011 година согласно утврденитени стратешки цели и приоритети во едногодишниот акционен план за 2011 година.

Годишниот Извештај за спроведување на програмата за развој на Североисточниот плански регион 2009-2014 за 2011, опфаќа активности поврзани со реализација на проекти реализација на проекти финансирани преку Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, проекти финансирани од фондовите на Европската Унија и други донатори.

Во Годишниот извештај се опфатени и проекти од областа на Регионалниот развој финансирани преку другите линиски министерства во р. Македонија, а кои се совпаѓаат со стратешките цели на Програмата за развој на СИПР 2009-2014, како и проекти во кои Центарот се јавува како партнер или за истите има добиено информација за нивното спроведување.

И покрај уредно доставена табела до општините, со цел да се внесат проектите реализирани од страна на ЕЛС во 2011 година, а кои се во согласност и придонесуваат за реализација на стратешките цели и приоритети на Програмата за развој на СИПР 2009-2014, Центарот не доби никаква повратна информација, па овој извештај е осиромашен за овие податоци.

Визијата на Програмата за развој на Североисточниот плански регион упатува на целите кои треба да се постигнат:

## Визија на СИПР:

***Социо-економски развиен пограничен регион, со општини кои динамично се развиваат, со висока стапка на економски раст, развиена инфраструктура, чиста животна средина и подобар квалитет на животот.***

Стратешките цели, главните приоритети и мерки се основна алатка за следење на успешноста за реализирање на поставените цели во Програмата за развој на Североисточниот плански регион.

## Одобрени проекти преку Биро за Регионален развој (МЛС) за 2011 година:

**1.Проект-*Создавање услови за рурален развој, развој на туризмот и мобилноста во регионот преку изработка на техничка документација за патна инфраструктура***

**Стратешка цел бр. 2 -** Да изградиме современа инфраструктура со меѓународно значење со поддршка од државните и европските фондови

**Приоритет 2.** Реконструкција и изградба на патна и железничка инфраструктура

**Мерка 2.1** Изработена техничка и проектна документација за осовремување на постојните и градење на нови локални, регионални и магистрални патишта

**2.Проект-*Проектна документација за гасификација на Општините Кратово и Крива Паланка***

**Стратешка цел бр. 2 -** Да изградиме современа инфраструктура со меѓународно значење со поддршка од државните и европските фондови

**Приоритет 4.** Гасификација на поголемиот дел од регионот

**Мерка 4.1** Изработена техничка и проектна документација за потребите на гасификацијата

**3.Проект- *Изработка на проектна документација за регионално водоснабдување на Општините Липково и Куманово***

**Стратешка цел бр.2 -** Да изградиме современа инфраструктура со меѓународно значење со поддршка од државните и европските фондови

**Приоритет 1.** Реконструкција и изградба на комунална инфраструктура за водоснабдување

**Мерка 1.1** Изработена техничка и проектна документација за системи за водоснабдување во регионот

## Проекти кофинансирани од ЕУ:

**4.Проект – *Придобивките од проширувањето на Европската Унија за Регионалниот развој*** *(Проектот е во партнерство со Регионалниот Центар ЛИТИЈА-Р. Словенија)од програмата Европа за Граѓаните*

**Стратешка цел бр. 1 -** Да постигнеме економски раст поголем од економскиот раст на државата во целина

**Приоритет 2.** Подигнување на капацитетите за планирање и реализација во СИПР

**Мерка 2.4** Вмрежување и размена на искуства со региони од ЕУ

**5.Проект- *Зајакнување на капацитетита за заедничка економска соработка помеѓу Ќустендилската област(Р. Бугарија) и СИПР (Р. Македонија)*** *од програмата за меѓугранична соработка на Р. Македонија со Р. Бугарија (ИПА)*

**Стратешка цел бр.1** Да постигнеме економски раст поголем од економскиот раст на државата во целина

**Приоритет 2.** Подигнување на капацитетите за планирање и реализација во СИПР

**Мерка2.4** Вмрежување и размена на искуства со региони од ЕУ

**Приоритет4.** Привлекување на домашни и странски инвеститори

**Мерка4.3** Воспоставени партнерства помеѓу бизнис субјектите во регионот и вон регионот

**6.Проект- *Јакнење на административните капацитети на централно и локално ниво за усогласување и имплементација на законодавството во ЕУ во Регионално управување со отпад во Р.М.*** *(Проектот е во соработка на МЖСП и ЕУ-предпристапни фондови ИПА компонента-1)*

**Стратешка цел бр.3 -** Да инвестираме во нашите потомци преку заштитата на животната средина во регионот

**Приоритет 1.** Воспоставување на функционален систем за интегрирано регионално управување со отпад

**Мерка1.2** Изработени потребни планови , студии, анализи, техничка документација и проектни апликации за изградба на регионална депонија и друга потребна инфраструктура

## Проекти кофинансирани од Билатерална меѓународна помош:

**7.Проект-** ***Подигање на вештините на тимови на експерти и регионални институции во Североисточниотрегион на Р. Македонија*** *(Проектот е кофинансиран од страна на фондот за билатерална меѓународна развојна помош на Р. Словенија на државите во развој од областа на локалната самоуправа и регионалниот развој за година 2011 и 2012, а како одговорна институција се јавува Службата на Владата на Р. Словенија за локална самоуправа и регионална политика)*

**Стратешка цел бр.1** Да постигнеме економски раст поголем од економскиот раст на државата во целина

**Приоритет 2.** Подигнување на капацитетите за планирање и реализација во СИПР

**Мерка2.4** Вмрежување и размена на искуства со региони од ЕУ

## Финансирани проекти преку Биро за Регионален развој за 2010-2011:

Во 2011 година е се завршени со имплементација и усвоени од страна на Советот за регионален развој на Североисточниот плански регион и проекти кои се започнати со имплементација во средина на 2010 година:

**8.Проект-*Изработка на локални планови како основа за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Североисточниот плански регион***

**Стратешка цел бр.3 -** Да инвестираме во нашите потомци преку заштитата на животната средина во регионот

**Приоритет 1.** Воспоставување на функционален систем за интегрирано регионално управување со отпад

**Мерка 1.2** Изработени потребни планови , студии, анализи, техничка документација и проектни апликации за изградба на регионална депонија и друга потребна инфраструктура

**9.Проект-*Создавање на предуслови за основа за развој на туризмот (СПОРТ) во Североисточниот плански регион - Фаза 1***

**Стратешка цел бр.5 -** Да го подобриме животот во регионот преку искористување на можностите за рурален развој и развој на туризмот

**Приоритет 2.** Искористување на природните потенцијали и културно-историското наследство во функција за развој на туризмот и руралниот развој

**Мерка 2.1** Мапирани туристичките потенцијали на регионот, изработени стратегиски документи и акциони планови за развој на туризмот во СИПР

**Мерка 2.2** Изработени студии за оптимално користење на природните богатства и културно – историското наследство во функција на развојот на туризмот и руралниот развој

**Мерка 2.4** Туристичко промовирање на природното, културното и историското наследство на регионот

**10.Проект-*Студија за потребите од идни инвестиции во водоводна и канализациона инфраструктура во Североисточниот плански регион со критериуми за приоритизација на инвестициите и системи на управување***

**Стратешка цел бр.2 - Да изградиме современа инфраструктура со меѓународно значење со поддршка од државните и европските фондови**

**Приоритет 1.** Реконструкција и изградба на комунална инфраструктура за водоснабдување

**Мерка 1.1** Изработена техничка и проектна документација за системи за водоснабдување во регионот

**11.Проект-*Создавање на предуслови за рурален развој, развој на туризмот, и мобилноста во регионот преку изработка на техничка документација за патна инфраструктура и преку мапирање на постоечката и анализа на потребите од идна патна инфраструктура***

**Стратешка цел бр. 2 -** Да изградиме современа инфраструктура со меѓународно значење со поддршка од државните и европските фондови

**Приоритет 2.** Реконструкција и изградба на патна и железничка инфраструктура

**Мерка 2.1** Изработена техничка и проектна документација за осовремување на постојните и градење на нови локални, регионални и магистрални патишта

**12.Проект-*Создавање предуслови за повисок квалитет на живот: Студија и технички документации за подобра искористеност на социјалната инфраструра во Североисточниот плански регион***

**Стратешка цел бр.6 - Да придонесеме кон подобрување на квалитетот на живеење во регионот преку развој на социјалната инфраструктура и услугите**

**Приоритет 1.** Воспоставување на функционален образовен систем

**Мерка1.1** Подобрени просторни услови  (кабинети, училници)

**Приоритет 4.** Имплементирање на социјалната заштита на населението во услови на транзиција

**Мерка 4.2** Обезбедена социјална грижа на стари и изнемоштени лица во руралните средини

**Мерка 4.4** Социјално згрижени маргинализираните групи на население

**<u>Стратешка цел бр.5</u> -** Да го подобриме  животот во регионот преку искористување на можностите за рурален развој и развој на туризмот

**<u>Приоритет 1.</u>** Подобрување на квалитетот на живеење во руралните средини

**<u>Мерка 1.1</u>** Изработени студии, анализи, урбанистичка документација, техничка документација и проектни апликации за подобрување на животот во руралните средини

**<u>13. Проект-*Студија за оптимално искористување на геотермалните води во Североисточниот плански регион за развој на туризмот и земјоделството*</u>**

**<u>Стратешка цел бр.2</u> -** Да изградиме современа инфраструктура со меѓународно значење со поддршка од државните и европските фондови

**<u>Приоритет 5.</u>** Одржливо искористување на обновливи извори на енергија (ветер, сонце, вода и биомаса)

**<u>Мерка 5.1</u>** Изработени проектни документации, апликации и техничкии документации за користење на обновливи извори на енергија (ветер, сонце, вода и биомаса)

**<u>Стратешка цел бр.4</u> -** Да го развиеме земјоделието во регионот врз база на современи знаења и иновации

**<u>Приоритет1.</u>** Унапредување на замјоделството

**<u>Мерка1.1</u>** Изработени студии, анализи, урбанистички и технички документации и проектни апликации за развој на земјоделието

**<u>14.Проект- *Изработка на  дигитални податоци во соодветен ГИС формат,*</u>** <u>*за проекти од реден бр.9 до реден бр.13 во векторска форма на дигитализирана картографска подлога на Североисточен плански регион 1:100.000*</u>

**<u>Стратешка цел бр.2</u> -** Да изградиме современа инфраструктура со меѓународно значење со поддршка од државните и европските фондови

**<u>Приоритет 3</u>** .Урбанизирање на поголем дел од регионот и воведување на ГИС

Центар за развој на Североисточен

плански регион